Врз основа на член 36 став(1) точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ " бр.05/02) и член 14 став (1) точка 10 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка"бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), а согласно Програмата за локален економски развој на Општина Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 06.12.2024 година донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ,НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ДОБИЕН СЕРТИФИКАТ ЗА ОРГАНСКО ПРОИЗВОДСТВО ИЗДАДЕН ОД СТРАНА НА ОВЛАСТЕНО АКРЕДИТИРАНО ТЕЛО НА НОСИТЕЛИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗАПИШАНИ ВО ЕДИНСТВЕНИОТ РЕГИСТАР НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка согласно Програмата за Локален економски развој на Општина Крива Паланка за субвенционирање на трошоците за добиен сертификат за органско производство издаден од овластено акредитирано тело во тековната година на носители на земјоделски стопанства , жители на Општина Крива Паланка запишани во единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство .

**Член 2**

Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка, согласно овој Правилник имаат носители на земјоделски стопанства, жители на Општина Крива Паланка запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кои добиле сертификат за органско производство издаден од овластено акредитирано тело во тековната година и кои уредно ќе ја достават целокупната потребна документација согласно со овој Правилник.

**Член 3**

Износот на субвенцијата за добиен сертификат за органско производство издаден од овластено акредитирано тело ќе изнесува 50% од трошоците за добиениот сертификат за органско производство лимитирано до 15.000 денари максимум по една сертификација (по семејство на еден човек) без ДДВ.

Финансиските средства за таа намена ќе се предвидат во Буџетот на Општина Крива Паланка .

**Член 4**

Согласно Програмата за локален економски развој на Општина Крива Паланка доделувањето на субвенција за добиен сертификат за органско производство издаден од овластено акредитирано тело на носители на земјоделски стопанства жители на Општина Крива Паланка, запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе се изврши по пат на објавување на Јавен повик.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб страната на Општина Крива Паланка (www.krivapalanka.gov.mk);

**II ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

**Член 5**

Право на учество на јавниот повик за субвенционирање на трошоците за добиен сертификат за органско производство издаден од овластено акредитирано тело имаат носители на земјоделски стопанства кои се жители на Општина Крива Паланка, запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерството за земјоделство , шумарство и водостопанство.

**III ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

**Член 6**

Пријавувањето за учество на јавниот повик од член 4 се врши со поднесување на Барање за субвенционирање на трошоци за добиен сертификат за органско производство издаден од страна на овластено акредитирано тело. (барањето може да се подигне во Архивата на Општина Крива Паланка или да се обезбеди од интернет страницата на Општина Крива Паланка (www.krivapalanka.gov.mk) со потребна документација:

-Решение за упис во ЕРЗС издадено од МЗШВ ПЕ Крива Паланка не постаро од 6 месеци-оргинал или фотокопија заверена кај нотар;

-Барање за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за тековната година поднесено до АФПЗРР- копија;

-Договор со овластено акредитирано тело за вршење стручна контрола во органското земјоделско производство-копија;

- Фотокопија од Сертификат за извршена стручна контрола од страна на овластено акредитирано тело;

-Фактура и доказ за платена фактура за стручна контрола и сертификација;

Барањето заедно со потребна документација, во затворен плик ги поднесуваат до Комисијата преку Архивата на Општина Крива Паланка, секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот.

Архивата на Општина Крива Паланка примените барања ги евидентира по редоследен број , по кој ќе се разгледуваат барањата.

На затворениот плик задолжително треба да се наведе дознаката „Јавен повик за субвенционирање на трошоци за добиен сертификат за органско производство “

## IV НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 7**

Јавниот повик ќе трае 30 календарски дена од денот на објавувањето на официјалната веб страна на Општина Крива Паланка.

За утврдување на исполнување на условите за доделување на финасиски средства согласно овој Правилник, Градоначалникот на Општина Крива Паланка од редот на вработените од општинската администрација ќе формира Комисија составена од 3 (три) члена заради спроведување на постапката.

Комисијата е должна да ги разгледа сите барањата кои се доставени во периодот на времетраењето на објавениот јавен повик со цел да утврди дали истите се уредни и комплетни. За секое поднесено барање се изготвува Записник. Доколку се констатира дека одредено Барање е некомплетно, Комисијата е должна да му достави известување на барателот и да го задолжи во рок од 5(пет ) работни дена по приемот на известувањето да ги комплетира документите. Доколку Барателот не ги комплетира документите во предвидениот рок, ќе се смета дека не ги исполнува условите за субвенционирање и Барањето ќе му биде одбиено.

Лицата кои нема да бидат субвенционирани , ќе бидат писмено известени.

## V НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА НАДОМЕСТОК

**Член 8**

Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на условите од овој Правилник и доставува предлог до Градоначалникот на Општина Крива Паланка за одобрување на барањето за финансиски средства од 50% од трошоците за добиен сертификат за органско производство лимитирано до 15.000 денари максимум по една сертификација (по фамилија на еден човек) без ДДВ.

Градоначалникот на Општина Крива Паланка на предлог на Комисијата донесува Решение за одобрување на Барањето на оние баратели кои ги исполниле условите предвидени со овој Правилник и Јавниот повик.

Комисијата ги известува барателите кои немаат доставено уредна документација, согласно овој Правилник и им ја враќа истата документација во прилог на известувањето.

Градоначалникот на Општина Крива Паланка на предлог на Комисијата донесува Решение за одбивање на Барањето на оние баратели кои не ги исполниле условите предвидени со овој Правилник и Јавниот повик.

Против Решението на Градоначалникот не е дозволена посебна жалба.

## VI ИСПЛАТА НА СУБВЕНЦИИ

**Член 9**

Субвенцијата се пресметува и се исплаќа во денари.

Општина Крива Паланка пресметаниот износ на субвенцијата ја уплаќа на сметка на барателот кој ги исполнува условите наведени во Правилникот и Јавниот повик.

**VII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 10**

Општина Крива Паланка преку Одделението за локален економски развој и евроинтеграции при Секторот за локален економски развој и финансиски прашања има обврска да ги чува документите кои ќе бидат доставени во прилог на поднесените барања од носители на земјоделски стопанства кои се жители на Општина Крива Паланка запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за добиен сертификат за органско производство издаден од овластено акредитирано тело и сите донесени Решенија од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка во период од најмалку 5 години.

**Член 11**

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето, а истиот ќе биде објавен во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-6043/13**
**06.12.2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**